РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08 - 696/4
09. 11. 2022 год.-viti
Скопје - Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Врз основа на член 48 став (2) точка 7 и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 178/21 ) и извештајот од стручната комисија бр.08-696/3 од 31.10.2022 година, Одборот за акредитација на високото образование, на 43 -та седница одржана на 30.09.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за акредитација на ментор на докторски студии**

1. Д-р Антонио Кирков, вонреден професор на студиската програма Стоматолошки науки, на Стоматолошки факултет, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, се акредитира за ментор на докторски студии на студиската програма Стоматолошки науки, од трет циклус бр. на акредитација 08-19/6 од 18.08.2021 година.
2. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.
3. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По донесеното барање 05-1739/2 од 29.06.2022 година(наш бр.08 - 696/1 од 08.07.2022 година) за акредитација на ментор на докторски студии на студиска програма Стоматолошки науки, на Стоматолошки факултет, при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" Скопје, за проф. д-р Антонио Кирков.

Одборот за акредитација на високото образование, на 41 - та седницата одржана на 12.07.2022 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација на ментор на докторски студии, со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр. 08 - 696/3 од 31.10.2022 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18 и Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 178/21) и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 43 - та седница одржана на 30.09.2022 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова